Interreg - IPA CBC
wine-up
CCI 2014 TC 16 I5CB 009

НЕГОТИНО

**Покана за циклус на обуки во рамки на проектот "Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој"со скратен назив Акроним,, wine-up,,**

**Информации за проектот**

Проектот "Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој" со акроним "wine-up" се реализира во период од октомври 2021 до април 2023 година, водечки партнер е Општина Пела – Република Грција, а проектен партнер е Општина Неготино, РС Македонија. Проектот има за цел поддршка и развој на економијата во овој регион.

Специфична цел на проектот: Подобрување на атрактивностите и промовирање на туризмот во прекуграничната област со цел подобрување на вработувањата во туризмот.

Активности кои ги предвидува проектот:

- Активности кои ќе придонесат кон нови вработувања во правец на јакнење на човечките капацитети со обуки од областа на туризмот
- Планирање на дирекни вработувања (времени) со намера истите да станат одрживи по завршување на проектот како во јавниот така и во приватниот сектор.
- поддршка во организирање на настани, по повод Св Трифун и Неготинскиот панаѓур во Неготино за времетраењето на проектот, заради поголема промоција на општината, но истовремено како можност за размена на искуства со прекуграничните и други странски партнери

**Циклус на обуки:**

Општина Неготино заедно со компанијата ОЗ Инвест Скопје, планираат да организираат три циклус обуки на следните теми:

1. Управување со дестинација
2. Организирање на настани
3. Градење на вештини за туристички водичи

Обуките се наменети за студенти и невработени лица со цел поддршка за вработување во туризмот. Обуките ќе бидат во временски период од 1 месец, односно 20 работни денови по 1 до 2 часа во салата на Општина Неготино. Планирано е да се одржат за време на летниот период од јуни до септември, во зависност од потребите на граѓаните на општината и формирањето на групите. Подтемите како и динамиката на реализација ќе бидат дополнително споделени со сите заинтересирани.

Сите заинтересирани лица, повеќе информаци може да добијат на aleksova.m@yahoo.com

Пријавувањето може да се направи електронски на следниот линкили телефонски на 070/786-808.

Со почит,

Марија Алексова

Општина Неготино

Градоначалник

Горан Стојанов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА НЕГОТИНО

The Project is co-funded
by the European Union
and by National Funds
of the Participating Countries